# ВЛИЈАНИЕ НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# IMPACT OF TOURISM ON ECONOMIC DEVELOPMENT AND QUALITY OF LIFE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Tatjana Dimoska, PhD.**
*Faculty of tourism and hospitality-Ohrid*
*tanjadimoska@yahoo.com*

***Апстракт***

Овој труд ја третира комплексната проблематика на влијанието на туризмот врз економскиот развој и квалитетот на живот на граѓаните на територијата на Република Македонија.
Туризмот како значаен општествено-економски феномен кој се карактеризира со изразена масовност и динамичен развој, резултира со мноштво позитивни, како директни, така и индиректни пред сé економски ефекти. На тој начин, преку развојот на туризмот се зголемуваат можностите за поттикнување на севкупниот економски развој.
Како резултат на директните економски ефекти, туризмот индиректно придонесува и за зголемување на животниот стандард на граѓаните односно адекватно на тоа и за намалување на сиромаштијата.
Сеопфатната анализа на туристичките текови во Република Македонија, како и корелацијата со постигнатиот економски развој и квалитетот на живот на граѓаните, претставуваат солидна основа за изведување на одредени релевантни заклучоци во насока на подобрување на туристичката понуда во функција на зголемување на приходите од туризмот и поттикнување на севкупниот економски развој на Република Македонија, а со тоа и зголемување на квалитетот на живот на нејзиното домицилно население.

*Клучни зборови:економски развој, квалитет на живот, туризам, Република Македонија*

***Abstract***

This title treats the complex problematic of the tourism impact to economic development and the quality of life for the territory of the Republic of Macedonia.
Tourism as an important socio-economical phenomenon that characterizes with distinctly largeness and dynamic development results with many positive direct as well as indirect economical effects. That is a measure for increasing of possibilities of encouragement of the total economical development through tourism development.
As a result of direct economical effects, tourism indirectly contributes for increasing of the life standard as well as decreasing and elimination of the poverty.
The total analysis of the tourism terms in the Republic of Macedonia, also the correlation with the achieved economic development and quality of life represent very solid base for accomplishing relevant conclusion in order to raise the tourist offer in function of increasing the tourism incomes and enforcing the total economical development in the Republic of Macedonia as well as increasing the life's quality of its domicile population.

*Key words: economic development, quality of life, tourism, Republic of Macedonia*

## ВОВЕД

Туризмот како значаен општествено - економски феномен кој се карактеризира со изразена масовност и динамичен развој, резултира со мноштво позитивни, како директни, така и индиректни пред сѐ економски ефекти. На тој начин, преку развојот на туризмот се зголемуваат можностите за поттикнување на севкупниот економски развој во една национална економија.

Како резултат на директните економски ефекти, туризмот индиректно придонесува и за зголемување на животниот стандард на граѓаните и зголемување на нивниот квалитет на живот (пред сѐ на економскиот аспект на квалитетот на живот), а адекватно на тоа и за намалување и елиминирање на сиромаштијата.

Притоа, мора да се напомене дека поимот квалитет на живот е мултидимензионален поим којшто содржи повеќе аспекти. Некои од нив може да се рече дека се лесно мерливи, а други воопшти не може да се измерат објективно.

Економскиот аспект на квалитетот на живот е познат и како "стандард на живеење". Овој аспект всушност ги вклучува материјалните аспекти на живеење на поединецот или групата односно економското ниво на коешто индивидуалецот, семејството или нацијата живеат. Тој е мерка за квантитетот и квалитетот на добра и услуги кои се достапни за луѓето.

Социјалниот аспект се однесува на релациите меѓу поединците или групите (семејни релации, релациите меѓу пријателите, релациите меѓу колегите на работното место и т.н.).

Физичкиот аспект се однесува како на физичкото здравје на поединецот (непостоење на болести), така и на здравјето односно чистотата на животната средина во којашто човекот живее (чист воздух, вода, почва).

Политичкиот аспект на квалитет на живот ги опфаќа човековите права и слободи (слобода на говор, слобода на вероисповест, слобода на самоизградување: економски, интелектуално и духовно).

Психолошкиот аспект на квалитетот на живот се однесува на менталната состојба на личноста и вклучува: ниво на среќа, самореспект, отсуство на стрес и отсуство на ментални болести.

## ИНДИКАТОРИ ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според макроекономските индикатори, може да се заклучи дека економските резултати во Република Македонија во 2007 и 2008 година беа најдобри во досегашниот период на транзиција. Позитивни движења беа забележани речиси во сите сектори на економијата (табела 1).

Стапката на раст на Бруто Домашниот Производ (БДП) во 2007 година изнесуваше 5,1 % ; што во однос на 2006 година кога изнесуваше 4,0% бележи зголемување од 1,1%. Мора да се напомене дека растот е диверзифициран односно раст забележаа сите

производни сектори (трговија на големо и мало 14% ; транспорт и комуникации 12,5% ; градежништво 5,8% ; финансиско посредување 5,3%) со исклучок на земјоделството каде е забележано опаѓање од 2,9 %.

Просечната стапка на инфлација во 2007 година изнесуваше 2,3% што се смета за релативно ниска инфлација.

Стапката на раст на извозот во истата година изнесуваше 39,8%; а додека стапката на раст на увозот 35,2%; што укажува на благо намалување на трговскиот дефицит за 4,6%. Притоа, во надворешниот сектор раст беше забележан во речиси сите сегменти, а најголем раст беше забележан кај извозот на основни метали кој изнесуваше 83,4%.

И во социјалната сфера беа забележани позитивни тенденции. Имено стапката на вработеност на населението во 2007 година изнесуваше 40,7% ; за разлика од 2006 година кога изнесуваше 39,6 % при што беше забележан пораст од 1,1%. Адекватно на тоа, стапката на невработеност во 2007 година изнесуваше 35,2 %; што во однос на предходната година кога изнесуваше 36,3 % претставува намалување од 1,1%.

## ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кога се анализира квалитетот на живот на граѓаните во Република Македонија, најадекватни индикатори се: Human Develoment Index (Индекс на човеков развој), Gender-related Development Index (Индекс на развој на половите), Gender emprowerment measure (Мерка за еманципација на жената), прифатените меѓународни спогодби за заштита на човековите и работничките права, како и прифатените меѓународни спогодби и конвенции за заштита на животната средина.

Според Глобалниот извештај за човечки развој 2007/2008 година, Република Македонија се рангира на 69 место меѓу вкупно 177 земји. Со Индекс на човеков развој од 0,801 Република Македонија спаѓа во групата на земји со високо ниво на човеков развој (табела 2).

За разлика од 2006 година, но и од претходните неколку години кога Република Македонија спаѓаше во групата на земји со средно ниво на човеков развој, може да се заклучи дека во 2007 година има зголемување на квалитетот на живот.

Вредностите на Индексот на човеков развој, како и на неговите компоненти (очекувано траење на животот; стапка на писменост на возрасните; рацио на бруто запишување во основно, средно и високо образование во % и GDP per capita изразен во паритет на куповна сила во САД $) во Република Македонија во периодот од 1997 до 2005 година може да се видат од табела 3. Според нив, GDP per capita (PPP US$) се зголемил од 5 086 во 2000-та година на 7200 во 2005-та година, стапката на писменост на возрасните се зголемила од 94,0% во 2000-та година на 96,1% во 2005-та година, очекуваното траење на животот се зголемило од 67,5 години во 1970-та на 73,8 години во 2005 година. Стапката на смртност на новороденчињата значајно се намалила од 85 (на 1000 родени) во 1970 година на 15 (на 1000 родени) во 2005 година. Смртноста на мајките се намалила од 21 во 1970 година на 10 во 2005 година.

И на полето на новата технологија се забележуваат подобрувања - се зголемува бројот на телефонски линии, бројот на корисници на мобилни телефони (од 57 на 1000 лица во

2000-та година, на 620 на 1000 лица во 2005 година), како и бројот на интернет корисници (од 0,8 на 1000 лица во 2000 година, на 79 на 1000 лица во 2005 година. (табела 4).

Кога се анализира Индексот на развој на половите - Gender-related development index, може да се каже дека не постојат некои драстични разлики меѓу човековиот развој на мажите и жените во Република Македонија. Очекуваното траење на животот се зголемува кај двата пола во периодот од 2000 до 2005 година, но тоа е поголемо кај жените (76,3 години) за разлика од очекуваното траење на животот кај мажите (71,4 години во 2005 година). Стапката на писменост останува непроменета кај двата пола од 2000 до 2005 година и изнесува 94,1% кај жените и 98,2% кај мажите. Незначително е и зголемувањето на приходите во овој период, но тука разликите меѓу половите се поизразени (мажите остваруваат двојно поголеми приходи за разлика од жените) (табела 5).

Кога се анализира Gender emprowerment measure односно еманципацијата на жената во Република Македонија (прикажана преку трите клучни аспекти: политичко учество на жената, економско учество и остварување на приходи), може да се каже дека е забележан значаен напредок од 2000 до 2005 година. Во 2002 година Република Македонија се наоѓа на 45 место според овој индикатор кој има вредност 0,517; а во 2005 година се наоѓа на 35 место со вредност на индикаторот 0,625 (табела 6).

Република Македонија има прифатено бројни меѓународни спогодби и ковенции за заштита на животната средина со цел подобрување на квалитетот на животната средина. Меѓу нив се вбројуваат: Картагена протоколот за заштита на живиот свет, Конвенцијата за климатски промени од 1992 година, Кјото протоколот за климатски промени од 1997 година, Конвенцијата за биолошки диверзитет, Виенската конвенција за заштита на озонскиот слој и др. На тој начин се зголемува и физичкиот аспект на квалитетот на живот.

Исто така се прифатени бројни меѓународни спогодби за заштита на човековите и работничките права со што се зголемува и политичкиот аспект на квалитетот на живот.

Сите претходно наведени аспекти укажуваат на тоа дека квалитетот на живот во Република Македонија во 2007-та и 2008-та година е повисок во однос на претходните периоди.

**ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Влијанието на туризмот врз економскиот развој и врз квалитетот на живот на граѓаните во Република Македонија може да се утврди врз основа на анализата на статистичките податоци за неговото учество врз БДП, економските односи со странство и платниот биланс, вработеноста, создавањето на приходи за централната власт, обемот и структурата на инвестициите, како и поврзаноста помеѓу инвестициите и вработеноста.

Врз основа на сите извршени анализи за развојот на туризмот во Република Македонија до 2007-та година, може да се заклучи дека:

- Удделот на хотелите и рестораните во вкупниот БДП во Република Македонија се зголемува после 2004-та година. (табела 7)

- Учеството на туризмот во вкупниот прилив од услуги во Република Македонија од 2003 година па наваму се зголемува со побрза стапка на пораст отколку вкупниот прилив од услуги во целина. Така учеството на туризмот во вкупниот прилив од услуги во 2003 година изнесува 17,35 %; во 2004 година 17,61 %; а во 2005 година 17,79%. (табела 8)
- Во периодот од 2001 до 2006 година, се зголемува и апсолутното и релативното учество на вработените во хотели и ресторани, во однос на вкупниот број вработени во Република Македонија. Така, учеството на вработените во хотелите и ресторанитe во 2001 година изнесува 1,85% од вкупната вработеност во Република Македонија, во 2004 година изнесува 2,89%, за да се зголеми на 3,34% во 2006 година. Притоа, бројот на вработени во хотели и ресторани во анализираниот период растел побрзо од вкупниот број на вработени во Република Македонија. (табела 9)

- Треба да се напомене дека туризмот има значаен придонес во приходот на централната власт. Приходите на централната власт од хотелите и ресторанитe во 2005-та година изнесуваат 1,6% , а приходите на централната власт од странските туристи во истата година изнесуваат 0,9%. Исто така, околу 2,9% од приходите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и околу 4,4% од приходите на Фондот за здравствено осигурување потекнуваат од плати на вработените во хотелите и ресторанитe. Покрај тоа, туризмот придонесува и во приходите на единиците на локалната самоуправа. Така, 80% од данокот за привремен престој, како и данокот на имот и данокот за комуналии остануваат во единиците на локалната самоуправа.
- Постои позитивен тренд на зголемување на учеството на инвестициите во туризмот во вкупните инвестиции во Република Македонија во периодот 2001-2005 година (со исклучок на 2003 година кога тоа учество е намалено за 0,9% во однос на претходната година).

- Исто така, се забележува тренд на зголемување и на странските директни инвестиции во Република Македонија (а адекватно на тоа и на странските директни инвестиции во областа на туризмот), особено во периодот од 2004 година па наваму. Од вкупните странски инвестиции во Република Македонија во 2005-та година, 2% се однесуваат на инвестиции во хотелите и ресторанитe.; (табела 10)

- Постои позитивна врска меѓу нивото на инвестиции и стапката на вработеност во Република Македонија. Инвестициите во износ од 21,9 милиони евра во 2004-та година создадоа повеќе од 7000 нови вработувања во туризмот, односно може да се рече дека еден милион евра вложени во туризмот во Република Македонија во 2004 година резултира со повеќе од 340 нови вработувања. Како резултат на инвестициите од 27,9 милиони евра во 2005-та година, се создадоа дополнителени 1000 нови работни места во областа на туризмот. (табела 11)

Овие ефекти од развојот на туризмот врз економијата на Република Македонија ќе беа далеку поголеми (а во тој прилог одеа дури и предвидувањата на Светската туристичка организација во нејзината "2020 визија") доколку не започнеше глобалната економска криза.

Глобалната економска криза која започна во последниот квартал на 2008-та година и ги зафати најразвиените светски економии, нормално е дека ќе се одрази и врз економијата и туризмот и на Република Македонија. Бидејќи Република Македонија е мала економија, оваа криза ќе се одрази со помал интензитет. Кога оваа криза би започнала да се

продлабочува и да трае подолго време, нормално дека нејзините негативни реперкусии со поголем интензитет би се почувствувале и врз целата економија на Република Македонија. Во тој случај, како резултат на намалениот животен стандард на населението би се намалиле бројот, патувањата и ноќевањата како на домашните, така и на странските туристи. Тоа негативно би се одразило на приходите по основ на туризмот, а како резултат на тоа би се намалил бројот на вработени во туризмот и останатите економски и неекономски дејности во Република Македонија.

Според податоците на Државниот завод за статистика на Република Македонија, бројот на домашните туристи во периодот јануари - февруари 2009 година во однос на истиот период во 2008 година е зголемен за 0,8%, а бројот на странските туристи е зголемен за 8,1 %. Бројот на ноќевањата на домашните туристи во истиот период 2009 година во однос на оној од минатата година е намален за 5,8%, а бројот на ноќевањата на странските туристи во истиот период е зголемен за 1,7 %. Во овој случај, во услови на глобална економска криза, оној мал број на туристи кои имаат слободни парични средства за патување во странство преферираат поевтини туристички дестинации, во кои спаѓа и Република Македонија. На тоа всушност се должи зголемувањето како на бројот, така и на ноќевањата на странските туристи во Република Македонија во овој период на глобална економска криза.

Значи, доколку туристичките дестинации сакаат да го задржат бројот на туристи и да имаат позитивни економски ефекти од туризмот и покрај глобалната економска криза, треба да посветат значајно внимание на правилно комбинирање на инстументите на маркетинг миксот: производ односно атрактивности на туристичката дестинација, пониски цени и засилена промоција. Туризмот претставува најеластична економска активност и дури и во услови на криза може да се рече дека претставува двигател на економијата и игра клучна улога во економското оздравување. Поради тоа, се наметнува неопходноста од преземање на значајни мерки за развој на туризмот од страна на сите релевантни структури во Република Македонија како на национално, така и на локално ниво.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци може да се заклучи дека туризмот во Република Македонија позитивно влијае како врз економскиот развој, така и врз зголемувањето на квалитетот на живот на нејзините граѓани. Како резултат на неговите директни и индиректни пред сè економски ефекти, туризмот претставува средство за економски стимуланс, што е особено значајно во време на тековната економска криза.

Со оглед на тоа, а имајќи го предвид фактот дека Република Македонија сèуште не е доволно активирана како туристичка дестинација (иако има значајни потенцијали за развој на туризмот), се наметнува неопходноста од преземање на значајни мерки за развој на туризмот од страна на сите релевантни структури како на национално, така и на локално ниво.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Билтен 1/2 2008, Министерство за финансии на Република Македонија, Скопје, 2008
2. Годишен економски извештај на Република македонија за 2007 година, Министерство за финансии на Република Македонија-Сектор за макроекономска политика, Скопје,2008
3. Human Development Report, UNDP, 1997-2007
4. McNulty, R.:Quality of life, Public Planning and Private Living, 2002
5. Национална стратегија за развој на туризмот 2008-2012, Влада на Republика Македонија, 2008
6. Phillips D.: Qualitu of life - Concepy, Policy and Practice; Routledge,2006
7. Претходни статистички податоци за Republика Македонија, 2007 година, Државен завод за статистика на Република Македонија, Скопје,2007
7. Rahman T. et al.: Measuring the Quality of Life Across Countries: A Sensitivity Analysis of Well-Being Indices, WIDER International conference on Inequality, Poverty and Human Well-Being, Helsinki, Finland, 2003
8. Rapley M.: Quality of life research: A critical introduction, SAGE Publication Ltd., London, 2003
9. Regional study on the role of tourism in socio-economic development, United Nations Economic and Social Council, Almaty, Kazakhstan, 2007
10. Робертс Б.В:.Анализа на економскиот раст во Македонија во периодот 1997-2001 година, Министерство за финансии на Република Македонија, Билтен 11-12, Скопје, 2002

Табела 1

Основни макроекономски индикатори

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РЕАЛЕН СЕКТОР | | | | | | | | | | | | | |
| Население | 2.008.000 | 2.017.000 | 2.026.000 | 2.035.000 | 2.020.000 | 2.027.000 | 2.032.000 | 2.037.000 | 2.043.111 | 2.047.197 | 2.051.292 | 2.055.394 | 2.059.505 |
| Бруто домашен производ | | | | | | | | | | | | | |
| - стапка на реален раст | 3,4 | 4,3 | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5,1 | 6,0 | 6,5 | 6,5 |
| - тековни цени, во милиони денари | 194.979 | 209.010 | 236.390 | 233.841 | 243.970 | 251.486 | 265.257 | 286.626 | 309.546 | 339.257 | 381.190 | 418.146 | 457.794 |
| - милиони САД долари (номинален) | 3.581 | 3.674 | 3.588 | 3.437 | 3.769 | 4.631 | 5.368 | 5.815 | 6.345 | 7.587 | 8.524 | 9.351 | 10.237 |
| - милиони САД долари (ПАРЕ методологија) | 3.575 | 3.730 | 3.899 | 3.723 | 3.872 | 4.119 | 4.298 | 4.534 | 4.882 | - | - | - | |
| - милиони ЕУР (номинален) | | | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.325 | 4.676 | 5.059 | 5.545 | 6.230 | 6.834 | 7.482 |
| БДП по жител (во денари) | 97.101 | 103.624 | 116.678 | 114.910 | 120.777 | 124.068 | 130.540 | 140.710 | 151.507 | 166.711 | 185.829 | 203.438 | 222.284 |
| БДП по жител (во долари) | 1.783 | 1.821 | 1.771 | 1.689 | 1.866 | 2.285 | 2.642 | 2.855 | 3.106 | 3.706 | 4.156 | 4.549 | 4.971 |
| Индустрија | 4,5 | -2,6 | 3,5 | 10,1 | -5,3 | 4,7 | -12,7 | 7,0 | 2,6 | 3,7 | 6,1 | 6,6 | 6,5 |
| Инфлација (трошоци на живот просек) | -0,1 | -0,7 | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 6,0 | 3,0 | 2,8 |
| БДП Дефлатор | 1,4 | 2,7 | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 1,3 | 3,8 | 3,8 | 4,3 | 6,0 | 3,0 | 2,8 |
| НАДВОРЕШЕН СЕКТОР | | | | | | | | | | | | | |
| Извоз (f.o.b.), милиони САД долари | 1.292 | 1.190 | 1.321 | 1.155 | 1.112 | 1.363 | 1.675 | 2.041 | 2.396 | 3.349 | 3.518 | 3.918 | 4.324 |
| Увоз (f.o.b.), милиони САД долари | 1.807 | 1.686 | 2.012 | 1.682 | 1.918 | 2.214 | 2.814 | 3.104 | 3.681 | 4.976 | 5.640 | 6.180 | 6.750 |
| Трговски биланс (милиони САД долари) | -516 | -496 | -691 | -527 | -806 | -851 | -1.139 | -1.063 | -1.285 | -1.627 | -2.122 | -2.262 | -2.426 |
| Трговски биланс (f.o.b.) (% од БДП) | -14,4 | -13,5 | -19,3 | -15,3 | -21,4 | -18,4 | -21,2 | -18,3 | -20,3 | -21,4 | -24,9 | -24,2 | -23,7 |
| Дефицит на тековна сметка (милиони САД долари) | -279 | -65 | -98 | -236 | -378 | -184 | -453 | -158 | -56 | -238 | -396 | -431 | -480 |
| Дефицит на тековна сметка (% од БДП) | -7,8 | -1,8 | -2,7 | -6,9 | -10,0 | -4,0 | -8,4 | -2,7 | -0,9 | -3,1 | -4,6 | -4,6 | -4,7 |
| Странски директни инвестиции (милиони долари) | 150 | 88 | 216 | 446 | 105 | 117 | 322 | 94 | 424 | 321 | 403 | 495 | 443 |
| - % од БДП | 4,2 | 2,4 | 6,0 | 13,0 | 2,8 | 2,5 | 6,0 | 1,6 | 6,7 | 4,2 | 4,7 | 5,3 | 4,3 |
| Извоз (f.o.b.) стапка на раст | 4,4 | -7,9 | 11,0 | -12,5 | -3,7 | 22,5 | 22,9 | 21,8 | 17,4 | 39,8 | 5,0 | 11,4 | 10,4 |
| Увоз (f.o.b.) стапка на раст | 11,3 | -6,7 | 19,3 | -16,4 | 14,0 | 15,4 | 27,1 | 10,3 | 18,6 | 35,2 | 13,3 | 9,6 | 9,2 |
| Девизен курс денар/евро | | | 60,7250 | 60,9133 | 60,9783 | 61,2639 | 61,3377 | 61,2958 | 61,1885 | 61,1838 | 61,1838 | 61,1838 | 61,1838 |
| Девизен курс денар/долар | 54,4506 | 56,8964 | 65,8856 | 68,0421 | 64,7341 | 54,3031 | 49,4105 | 49,2919 | 48,7854 | 44,7184 | 44,7184 | 44,7184 | 44,7184 |
| ФИСКАЛЕН СЕКТОР | | | | | | | | | | | | | |
| (Општ владин буџет, во мил. денари) | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупни приходи | 64.944 | 74.007 | 86.583 | 80.503 | 86.254 | 84.167 | 88.176 | 100.877 | 104.044 | 119.609 | 128.740 | 138.210 | 146.975 |
| Вкупни расходи | 68.280 | 73.946 | 80.678 | 95.349 | 99.808 | 86.760 | 88.169 | 100.219 | 105.744 | 117.441 | 134.280 | 144.074 | 153.483 |
| Суфицит /Дефицит | -3.336 | 61 | 5.905 | -14.846 | -13.554 | -2.593 | 7 | 658 | -1.700 | 2.168 | -5.540 | -5.864 | -6.508 |
| (Општ владин буџет, во % од БДП) | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупни приходи | 33,3 | 35,4 | 36,6 | 34,4 | 35,4 | 33,5 | 33,2 | 35,2 | 33,6 | 35,3 | 33,8 | 33,1 | 32,1 |
| Вкупни расходи | 35,0 | 35,4 | 34,1 | 40,8 | 40,9 | 34,5 | 33,2 | 35,0 | 34,2 | 34,6 | 35,2 | 34,5 | 33,5 |
| Суфицит / Дефицит | -1,7 | 0,0 | 2,5 | -6,3 | -5,6 | -1,0 | 0,0 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -1,5 | -1,4 | -1,4 |
| Вкупен јавен долг (GFS метод.) | | 40,7 | 57,1 | 55,5 | 48,6 | 44,9 | 42,6 | 46,9 | 40,4 | 35,2 | | | |

Извор: Министерство за финансии на Република Македонија

Табела 2

**Индекс на човеков развој**

| HDI ранг | Индекс на човеков развој (HDI) вредност 2005 | Очекувано траење на животот при раѓање (години) 2005 | Стапка на писменост на возрасните (% на возраст од 15 години и повеќе) 1995 - 2005 | Рацио на бруто запишување во основно, средно и високо образование (%) 2005 | БДП по глава на жител (PPP US$) 2005 | Индекс на очекувано траење на животот | Индекс на достигнато образование | БДП индекс | Ранг на БДП по глава на жител (PPP US$) минус HDI ранг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВИСОК ЧОВЕКОВ РАЗВОЈ** | | | | | | | | | |
| 1 Исланд | 0,968 | 81,5 | 99,0 | 95,4 | 36,50 | 0,941 | 0,978 | 0,985 | 4 |
| 2 Норвешка | 0,968 | 79,8 | 99,0 | 99,2 | 41,420 | 0,913 | 0,991 | 1,000 | 1 |
| 3 Австралија | 0,962 | 80,9 | 99,0 | 113,0 | 31,794 | 0,931 | 0,993 | 0,962 | 13 |
| 4 Канада | 0,961 | 80,3 | 99,0 | 99,2 | 33,375 | 0,921 | 0,991 | 0,970 | 6 |
| 5 Ирска | 0,959 | 78,4 | 99,0 | 99,9 | 38,505 | 0,890 | 0,993 | 0,994 | - 1 |
| 6 Шведска | 0,956 | 80,5 | 99,0 | 95,3 | 32,523 | 0,925 | 0,978 | 0,965 | 7 |
| 7 Швајцарија | 0,955 | 81,3 | 99,0 | 85,7 | 35,633 | 0,938 | 0,946 | 0,981 | - 1 |
| 8 Јапонија | 0,953 | 82,3 | 99,0 | 85,9 | 31,267 | 0,954 | 0,946 | 0,959 | 9 |
| 9 Холандија | 0,953 | 79,2 | 99,0 | 98,4 | 32,684 | 0,904 | 0,988 | 0,966 | 3 |
| 10 Франција | 0,952 | 80,2 | 99,0 | 96,5 | 30,386 | 0,919 | 0,982 | 0,954 | 8 |
| 66 Босна и Херцеговина | 0,803 | 74,5 | 96,7 | 69,0 | 7,032 | 0,825 | 0,874 | 0,710 | 17 |
| 68 Албанија | 0,801 | 76,2 | 98,7 | 68,6 | 5,316 | 0,853 | 0,887 | 0,663 | 30 |
| 69 Македонија | 0,801 | 73,8 | 96,1 | 70,1 | 7,200 | 0,814 | 0,875 | 0,714 | 11 |
| 70 Бразил | 0,800 | 71,7 | 88,6 | 87,5 | 8,402 | 0,779 | 0,883 | 0,740 | - 3 |

Извор: Human Development Report, 2007/2008

Табела 3

**Индекс на човеков развој**

| | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Очекувано траење на животот при раѓање | 73,1 | 73,2 | 73,0 | 73,1 | 73,05 | 73,5 | 73,8 | 73,9 | 73,8 |
| Стапка на писменост на возрасните | 94,0 | 94,6 | 94,0 | 94,0 | 94,0 | 96,0 | 96,1 | 96,1 | 96,1 |
| Рацио на бруто запишување во основно, средно и високо образование (%) | 70 | 69 | 70 | 70 | 70 | 70 | 70 | 70 | 70,1 |
| БДП per capita (PPP US$) | 3,210 | 4,254 | 4,651 | 5,086 | 6,110 | 6,470 | 6,794 | 6,610 | 7,200 |
| Индекс на очекувано траење на животот | 0,80 | 0,80 | 0,80 | 0,80 | 0,81 | 0,81 | 0,81 | 0,82 | 0,814 |
| Индекс на достигнато образование | 0,86 | 0,86 | 0,86 | 0,86 | 0,86 | 0,87 | 0,87 | 0,87 | 0,875 |
| БДП индекс | 0,58 | 0,63 | 0,64 | 0,66 | 0,69 | 0,70 | 0,70 | 0,70 | 0,714 |
| Индекс на човеков развој (HDI) вредност | 0,746 | 0,763 | 0,766 | 0,772 | 0,784 | 0,793 | 0,797 | 0,796 | 0,810 |

Извор: Human Development Reports

Табела 4

**Трендови во човековиот развој**

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Очекувано траење на животот при раѓање | 73,1 | 73,05 | 73,5 | 73,8 | 73,9 | 73,8 |
| Стапка на писменост на возрасните | 94,0 | 94,0 | 96,0 | 96,1 | 96,1 | 96,1 |
| Стапка на смртност на новороденчињата (на 1 000 раѓања) | 11,8 | 11,9 | 10,2 | 10 | 13 | 15 |
| БДП per capita (PPP US$) | 5,086 | 6,11 | 6,47 | 6,794 | 6,61 | 7,2 |
| Телефонски линии (на 1 000 лица) | 255 | 263 | 271 | 252 | 308 | 262 |
| Број на корисници на мобилни телефони (на 1 000 лица) | 57 | 109 | 177 | 372 | - | 620 |
| Број на интернет корисници (на 1 000 лица) | 0,8 | 34,2 | 48,4 | 60 | 78 | 79 |
| Население со пристап до здравствени услуги (%) | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Неселение со пристап до чиста вода (%) | 91 | 93 | 93 | - | - | - |

Извор: Human Development Reports

Табела 5

**Индекс на развој на половите**

| | Индекс на развој на половите (GDI) | | Очекувано траење на животот при раѓање | | Стапка на писменост на возрасните (% на возраст од 15 години и постари) | | Рацио на бруто запишување во основно, средно и високо образование (%) | | Остварени приходи (PPP US$) | | HDI минус GDI ранг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ранг | Вредност | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | |
| 2000 | - | - | 75,3 | 71,0 | - | - | 70 | 70 | - | - | - |
| 2001 | - | - | 75,5 | 71,2 | - | - | 70 | 70 | - | - | - |
| 2002 | - | - | 75,7 | 71,3 | - | - | 70 | 70 | 4,599 | 8,293 | - |
| 2003 | 49 | 0,794 | 76,3 | 71,3 | 94,1 | 98,2 | 71 | 69 | 4,861 | 8,725 | 0 |
| 2004 | 54 | 0,791 | 76,5 | 71,5 | 94,1 | 98,2 | 71 | 69 | 4,826 | 8,943 | 0 |
| 2005 | 64 | 0,795 | 76,3 | 71,4 | 94,1 | 98,2 | 71 | 69 | 4,676 | 9,734 | 0 |

Извор: Human Development Reports

Табела 6

**Мерка за еманципација на жената**

| | Мерка за еманципација на жената (GEM) | | Учество на жените во парламент (%) | Жени на раководни функции (%) | Жени на стручни работни места | Рацио на приходи остварени од жените |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ранг | Вредност | | | | |
| 2000 | - | - | 6,7 | - | - | - |
| 2001 | - | - | 18,3 | - | - | - |
| 2002 | 45 | 0,517 | 18,3 | 19 | 51 | 0,55 |
| 2003 | 41 | 0,555 | 19,2 | 27 | 51 | 0,56 |
| 2004 | 43 | 0,554 | 19,2 | 28 | 53 | 0,48 |
| 2005 | 35 | 0,625 | 28,3 | 29 | 52 | 0,58 |

Извор: Human Development Reports

Табела 7

**Уддел на хотели и ресторани во БДП  2002 - 2005**




| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|
| БДП | 3,987 | 4,110 | 4,335 | 4,684 |
| Хотели и ресторани | 66.8 | 76.0 | 68.2 | 69.9 |

Извор: ДЗС, Бруто домашен производ  2005, Скопје, 2007

Табела 8

**Учество на туризмот во вкупниот прилив од услуги во Македонија**




| | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|
| Вкупен прилив од услуги | 239.1 | 298.4 | 345.1 |
| Прилив од туризам | 41.5 | 52.5 | 61.4 |

Извор: ДЗС, Статистички годишник на Република Македонија, Скопје, 2006

Табела 9

**Учество на хотели и ресторани во вкупната вработеност 2001-2006**




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број вработени | 297.780 | 279.854 | 267.546 | 411.723 | 411.031 | 570.404 |
| Вработени во хотели и ресторани | 5.514 | 4.472 | 4.422 | 11.905 | 12.892 | 19.034 |

Извор: ДЗС, Статистички годишник на Република Македонија, Скопје, 2006

Табела 10

**Странски директни инвестиции во хотели и ресторани споредени со вкупниот број меѓу 2001-2005**




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|
| СДИ во РМ | 325.580.216 | 56.410.203 | 58.462.551 | 101.102.232 | 84.216.579 |
| СДИ во хотели и ресторани | 2.403.951 | 266.783 | 15.224 | 15.949 | 2.003.051 |

Извор: ДЗС, Странски директни инвестиции, 2001-2005, Скопје, март 2007

Табела 11

## Поврзаност на инвестициите со бројот на вработени во хотели и ресторани

### Број на вработени во хотели и ресторани




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвестиции во хотели и ресторани | 15.0 | 19.8 | 14.7 | 21.9 | 27.9 | |
| Број на вработени во хотели и ресторани | 5.514 | 4.472 | 4.422 | 11.905 | 12.892 | 19.034 |

Извор: ДЗС, Статистички годишник на Република Македонија, Скопје, 2006 и Инвестиции во основни средства 2005, Скопје, декември 2006